Врз основа на член 38 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), член 50 став 1 точка 16 од Закон за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 51 и член 68 став 3 од Статутот на Општина Аеродром (Сл. гласник на Општина Аеродром бр. 20/12, 21/14 и 23/14) Градоначалникот на Општина Аеродром донесе:

# О Д Л У К А

## за спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт ДУП за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром

### Член 1

Со оваа одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт ДУП за градска четврт СИ12 блок 12.02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје.

### Член 2

Соопштението за организирање јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено во две јавни гласила, на веб страната на Општина Аеродром – www.aerodrom.gov.mk, во информацискиот систем е-урбанизам и на видни места низ локалитетот.

### Член 3

Јавна презентација ќе се одржи во Месната заедница Долно Лисиче (ул. ,,20 бб''), на ден 29.11.2023 год. (среда) во 17:00 часот.

Јавната анкета ќе трае 30 дена, и тоа од 27.11.2023 (понеделник) до 26.12.2023 (вторник).

### Член 4

Нацрт планот ќе биде изложен во просториите на Месната заедница Долно Лисиче (ул. ,,20 бб''), секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

### Член 5

Заинтересираните физички и правни лица можат да учествуваат на јавна презентација и јавна анкета, а во времетраење на анкетата ќе можат на анкетни листови да доставаат забелешки и предлози по Нацрт на планот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-2375/5
09-11-2023 год.
СКОПЈЕ

**Изработил:**
Страшко Хаџи Коцев

**контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**Тимчо Муцунски**

Дата: 09.11.2023 год.